УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

2021

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

ГОДИНА 1

VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

ISSN 2671-3969

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА 2021

# YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS 2021

ГОДИНА 1 VOLUME I

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
# ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

## ГОДИШЕН ЗБОРНИК НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

## YEARBOOK OF FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**За издавачот**
Проф. д-р Татјана Бошков
**For the publisher**
Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.

**Издавачки совет** / **Editorial board**
Проф. д-р Блажо Боев / Prof. Blažo Boev, Ph.D.
Проф. д-р Лилјана Колева Гудева / Prof. Liljana Koleva Gudeva, Ph.D.
Проф. д-р Мишко Џидров / Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D.
Проф. д-р Татјана Бошков / Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.
Проф. д-р Наташа Митева / Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD.

**Редакциски одбор** / **Editorial staff**
Проф. д-р Татјана Бошков / Prof. Tatjana Boshkov, Ph.D.
Проф. д-р Мишко Џидров / Prof. Mishko Dzidrov, Ph.D.
Доц. д-р Наташа Митева / Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD.
Проф. д-р Никола В. Димитров / Prof. Nikola V. Dimitrov, PhD.
Проф. д-р Билјана Петревска / Prof. Biljana Petrevska, PhD.
Проф. д-р Елизабета Митрева / Prof. Elizabeta Mitreva, PhD.
Проф. д-р Златко Јаковлев / Prof. Zlatko Jakovlev, PhD.
Проф. д-р Цане Котески / Prof. Cane Koteski, PhD.
Проф. д-р Драшко Атанасоски / Prof. Drasko Atanasoski, PhD.
Проф. д-р Мичо Апостолов / Prof. Mico Apostolov, PhD.
Проф. д-р Александра Жежова / Prof. Aleksandra Zezova, PhD.
Проф. д-р Зоран Темелков / Prof. Zoran Temelkov, PhD.
Проф. д-р Марија Магдинчева-Шопова / Prof. Marija Magdinceva-Shopova, PhD.
Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова / Prof. Tanja Angelkova Petkova, PhD.
Проф. д-р Дејан Методијески / Prof. Dejan Metodijeski, PhD.
Проф. д-р Мимоза Серафимова / Prof. Mimoza Serafimova, PhD.
Доц. д-р Душко Јошески / Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD.
Доц. д-р Оливер Филипоски / Assis. Prof. Oliver Filiposki, PhD.
Доц. д-р Владимир Китанов / Assis. Prof. Vladimir Kitanov, PhD.
Доц. д-р Анета Стојановска-Стефанова / Assis. Prof. Aneta Stojanovska-Stefanova, PhD.
Доц. д-р Душица Попова / Assis. Prof. Dushica Popova, PhD.
Доц. д-р Цветанка Ристова Магловска / Assis. Prof. Cvetanka Ristova Maglovska, PhD.
Д-р Билјана Цоневска Гуњовска / Biljana Conevska Gunjovska, PhD.

**Уредувачки одбор** / **Editors**
Проф. д-р Татјана Бошков – Главен уредник / Prof. Tatjana Boshkov, PhD. – Managing Editor
Доц. д-р Наташа Митева – Одговорен уредник / Assis. Prof. Natasha Miteva, PhD. – Editor in chief
Доц. д-р Душко Јошески – Уредник / Assis. Prof. Dushko Joseski, PhD. - Editor
Доц. д-р Цветанка Р. Магловска – Уредник / Assis. Prof. Cvetanka R. Maglovska, PhD. - Editor

**Техничко уредување** / **Technical editor**
Славе Димитров / Slave Dimitrov

**Јазично уредување** / **Language editor**
Вангелија Цавкова / Vangelija Cavkova
д-р Марија Крстева / Marija Krsteva, PhD.

**Редакција и администрација** / **Address of the editorial office**
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип / Goce Delcev University – Stip
Факултет за туризам и бизнис логистика / Faculty of Tourism and Business Logistics
ул. „Крсте Мисирков“ бб, п. факс 201, / Krste Misirkov 10-A., PO box 201,
2000 Штип, РС Македонија / 2000 Štip, RN Macedonia

# GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
# FACULTY OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS

**СОДРЖИНА - CONTENTS**

**Никола В. Димитров** - ФАКТОРИ И УСЛОВИ ЗА РАЗВОЈ НА ВЕРСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА БИТОЛА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАНАСТИРСКИОТ ТУРИЗАМ ........6

**Biljana Petrevska; Vlatko Cingovski** - SUSTAINABILITY IN HOTEL INDUSTRY: THE ROLE OF ROOFTOP PV PLANTS........12

**Златко Јаковлев** - УЛОГА И ЗНАЧЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ МАНАЏМЕНТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТУРИСТИЧКО - УГОСТИТЕЛСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ........18

**Златко Јаковлев; Душита Матета Гигова** - МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТ ВО ТУРИЗМОТ ........26

**Mimoza Serafimova; Bobana Stefanoska** - OPERATIONS STRATEGY AND COMPETITIVENESS - CASE STUDY AND ANALYSIS........31

**Tatjana Boshkov; Mishko Djidrov** - CIRCULAR ECONOMY CONCEPT AND PERSPECTIVES IN CROATIA ........39

**Дејан Методијески; Оливер Филипоски** - КОН ПРИСТАПЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА........44

**Марија Магдинчева-Шопова; Анета Стојановска-Стефанова** - ПОЛИТИКИ ЗА РАЗВОЈ НА РОДОВО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ........53

**Dushko Josheski; Tatjana Boshkov** - BEQUEST TAXATION, ESTATE TAXATION, LAND TAXATION, OPTIMUM TOWN, HENRY GEORGE THEOREM AND CAPITAL TAXATION: A SURVEY........58

**Aneta Stojanovska-Stefanova; Marija Magdinceva-Sopova** - WOMEN’S RIGHTS ARE HUMAN RIGHTS: A DECADE OF THE COUNCIL OF EUROPE ISTANBUL CONVENTION ........79

**Mladen Micevski; Biljana Petrevska** - OTTOMAN HERITAGE: SPECIFIC PERCEPTION OF STUDENTS FROM NORTH MACEDONIA ........90

**Емануела Есмерова; Драшко Атанасоски** - ОБУКАТА И РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ЕКОНОМИСУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА........94

**Перпарим Ќахили; Цане Котески** - ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАГАДУВАЊЕТО ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕГИОНОТ НА АНА МОРАВА........100

**Ивица Јосифовиќ** - РЕГУЛАТИВАТА ЕУРОДАК: КОН ПОДОБАР СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И КОНТРОЛА МИГРАЦИЈАТА И АЗИЛОТ........115

**Христина Рунчева-Тасев; Филип Стојковски** - ЕФЕКТИТЕ НА КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА ВРЗ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ: ТРАНСФОРМАТИВНА МОЌ НА ГЛОБАЛНАТА КРИЗА ........115

**Џеват Кицара** - ИМИЏОТ И РЕПУТАЦИЈАТА НА ДЕСТИНАЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ПРЕСПАНСКИОТ РЕГИОН КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ........128

**Марио Чобанов** - СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА СИНЏИРИТЕ НА СНАБДУВАЊЕ ВО ВРЕМЕ НА ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ – СОСТОБИ И ПЕРСПЕКТИВИ................137

**Александар Магдески** - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ЕВЕНТИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА „ПИВО ФЕСТ“ – ПРИЛЕП.................................................144

**Наташа Петровска** - КУЛТУРОШКО-ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ЕКОТУРИЗМОТ КАКО ФАКТОР ЗА ПОВТОРНО ЗАЖИВУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ПО ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19.........................................................................153

UDK 338.48-6:502/504]:316.7(497.7)

# КУЛТУРОШКО-ПРАВНИТЕ АСПЕКТИ НА ЕКОТУРИЗМОТ КАКО ФАКТОР ЗА ПОВТОРНО ЗАЖИВУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ПО ПАНДЕМИЈАТА СО КОВИД-19

**м-р Наташа Петровска***
natasapetrovska5@gmail.com

**Краток извадок**

Пандемијата со Ковид-19 го стави туризмот пред големи предизвици, негативните последици се покажаа како тест врз моменталната состојба со туризмот и неговото место во соодносот со останатите стопански и нестопански гранки и дејности, придонесот во општеството и заедницата, но и влијанието врз севкупниот технолошки развој, конкурентност, пренос на квалитетни информации во време на дигитализација до потрошувачите и меѓусебните комуникации. Во процесот на опоравување на туризмот на глобално ниво активно се вклучени сите чинители, чија цел е заедничка, преку изнаоѓање соодветни мерки да придонесат за негово заживување, како и европските и меѓународни организации и сите кои директно или индиректно влијаат врз негово поттикнување преку креирање долгорочни програми и стратегии, можности за активно учество во проекти, но и преку можноста за долгорочна соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор. Целта на ова истражување е преку анализа на културолошко правните аспекти на екотуризмот, активно вклучување на малцинските заедници и во заеднички придонес на градење соживот, преку нивните традиционални обележја, обичаи, улогата на жената која учествува во изработка на локални ракотворби, како предизвик за туристите да ги посетат повторно тие дестинации. Посебно е важно за тие држави кои претпочитаат да прераснат во европски дестинации, што пак е чекор напред кон приближувањето на Република Северна Македонија на патот кон членство во Европската Унија. И воедно да се даде придонес, генерално врз развојот на одржливиот туризам, кој е поттикнувачки фактор и за општа социолошко-економска благосостојба на населението, имајќи го предвид фактот дека престижот и угледот на една држава се зголемува со распространетоста на туризмот.

Клучни зборови: културолошка припадност, културолошка одговорност, рурална жена, меѓународна афирмација, европска дестинација, туристичка култура

# CULTURAL AND LEGAL ASPECTS OF ECOTOURISM AS A FACTOR FOR A REVIVAL OF TOURISM AFTER THE CODE-19 PANDEMIC

**Natasha Petrovska, MA***
natasapetrovska5@gmail.com

**Abstract**

The Covid-19 pandemic challenged tourism to a great extent, the negative consequences proved to be a test on the current state of tourism and its place in relation to other economic and non-economic branches and activities, their contribution to society and community also the impact on overall technological development, competitiveness, transmission of quality information in the time of digitalization to consumers and mutual communications. All stakeholders are actively involved in the process of recovery of tourism on a global level, that have common aim, by finding appropriate measures to contribute to its revival, as well as European and International organizations which directly or indirectly influence its promotion by creating long-term programs and strategies, opportunities for active participation in projects, but also through the opportunity for long-term cooperation between the public and private sector. The aim of this research is through analysis of the cultural and legal aspects of ecotourism, by active involvement of minority communities and in joint contribution to building coexistence, their traditional features, customs, in the role of women that participate in making handicrafts, as a challenge for tourists to visit those destinations again. It is especially important for those countries that prefer to grow into European destinations, which in turn is a step towards the approach of the Republic of North Macedonia on the road to membership in the European Union. At the same time to contribute, in general, to the development of sustainable tourism, which is a motivating factor for the general socio-economic well-being of the population, given the fact that the prestige and reputation of a country increases with the prevalence of tourism.

Keywords: cultural affiliation, cultural responsibility, rural woman, international affirmation, European destination, tourist culture

## 1. Вовед

Патот на туризмот е пат на мирот и развојот. Туризмот претставува меѓународна активност и е најсилна врска којашто ги поврзува луѓето. Во овој момент на живот во пандемија, да се биде турист е особено значајна титула којашто може да се понесе. Активирањето на домашниот туризам во овие времиња, се покажа како најсоодветен начин за поново градење на довербата кај домашните, но и кај странските туристи со различно културолошко потекло [9]. Различните видови на туризам, од поново

време и еко-туризмот, како природен музеј на минатите цивилизации, неговата недоволна искористеност, со можност за спречување на негативните влијанија на масовниот туризам, во себе ја носи и неприкосновената порака за одговорно патување, за заштита на животната средина како уставно загарантирана темелна вредност и влијанието врз климатските промени, но пред се во сочувување на безбедноста и здравјето на луѓето како основна непроценлива вредност, како и во заштитата на природните ресурси. Екотуризмот, и туризмот генерално, на површина ги постави културолошките, етичките и европски вредности кои една држава ги негува во нивна активна промоција и подеднакво национална и меѓународна афирмација. Туристичките дестинации во нивната постојана и неисцрпна конкурентност во намерата за градење на препознатливи европски дестинации, многу повеќе од пред појавата на пандемијата, и покрај ограничените можности, нудат туристички понуди кои даваат придонес врз јакнењето пред се, на одржливиот социо-економски раст и развој на една држава во современиот процес на глобализација, но особено значајно е нивното влијание врз изборот од страна на туристите независно од културолошката припадност [10]. Особено атрактивни дестинации се тие кои нудат богата културолошка и манифестациска програма, во сите сезони. Недоволната искористеност на културолошкото и богато наследство во одредени региони во Република Северна Македонија, би можеле да бидат посебно атрактивни поради тоа што претставуваат спој на различните култури кои во одредени делови во воспоставување културолошка мрежа, претставуваат добар пример на прекугранична соработка. Воедно, придонесуваат во градење на заедничка туристичка култура [11] и нејзината значајна и посебна улога во развојот генерално на културата на еден народ како збир на духовни и материјални вредности. А преку културолошка интеграција, учествуваат во надминување на културолошките разлики и поттикнување социјална интеракција и размена.

## 2. Поимно определување на екотуризмот

Индустријализацијата и процесот на урбанизација, но воедно и поради фактот што екотуризмот претставува понова гранка која е предмет на интерес на сите активни и пасивни чинители во туризмот, потребата за поимање на екотуризмот е и натаму неопходна, не само поради разграничувањето од одрживиот туризам и процесот на планирање, туку и поради влијанијата на миграциските движења, историските вредности, природните потенцијали со кои руралните области располагаат, мултукултуролошките особини кои се застапени во овие средини и разноликоста на религиите, давајќи му нова димензија на овој туристички феномен. Екотуризмот како мост на обединување на различните култури, сфатен во смисла на заштита на животната средина, како идеја се појавува во 1965-та година, и во својата суштина го има почитувањето на локалното население и неговиот социо-економски развој и обезбедување одржливост на природните ресурси [2]. Но, екотуризмот е повеќе од само посета на природни атракции или природни места; со посебна цел, тоа да се направи на одговорен и одржлив начин. Целта е да се едуцираат екотуристите за напорите за зачувување, додека им се нуди можност да ја истражуваат природата [21].

Постои тесна поврзаност меѓу правата на жените, родовата еднаквост, социо-економскиот развој и мирот и таа станува се поочигледна [13][175]. Екофеминизмот, како појава од 1970-те години, гледа сличност помеѓу земјата и жените. Во основа, екофеминизмот гледа врска помеѓу еколошката штета нанесена на земјата и угнетувањето на жените. Во надминување на овие разлики, ги предизвикува хиерархиите на моќта. Една од најголемите цели на екофеминизмот е да ја смени врската на светот со жените и околината. Наместо доминација и хиерархии на моќ, тие сакаат да воведат еднаквост и да основаат заедници кои работат под исти услови [6].

Во надминување на екофеминистичките ставови за родова нееднаквост, споредувајќи ја експлоатацијата на природата и угнетувањето на жените, екотуризмот и туризмот генерално го истакнува својот придонес токму во јакнењето на улогата на жената и еднаквоста меѓу родовите и уште повеќе неприкосновената борба на жената за доминација и заземање на местото кое и припаѓа во општеството како лидер и борец за човекови права.

## 3. Предмет на истражување

Предмет на ова истражување се културолошко правните и етичките особености на екотуризмот, кој во својата основа ја има пораката за сочувување на животната средина и негување на културолошките вредности со посебен осврт на еко-туристот како промотор на културата на една држава која се стреми кон европски вредности, подготвен за истражување и осознавање на нови култури, и во интеркултуролошка интеракција, да учествува во еко-туристички активности [22]. Екотуризмот нѐ враќа кон природата и природните убавини, со порака да ги сочуваме природните и

[175] *Mahnaz Afkhami* (Махназ Афхами), водечки поборник и застапник за правата на жените во исламскиот свет. Таа е претседателка и основач на Партнерството за учење на жените (WLP), родена во Иран, а живее во егзил во САД од 1979 год.

културолошки богатства кои ги имаме и грижејќи се општо за здравјето и безбедноста, да ги пренесеме на нашите идни генерации. Тоа вклучува во себе промоција на екотуристичките дестинации, запознавање со локалните занаети, и тие кои се во исчезнување во, но и надвор од нашите граници, и промовирање и јакнење на темелните вредности, како и почитување на основните човекови права со посебен осврт на еколошките права. Пораката за етичко однесување во согласност со еколошките норми и принципи како интегритет, ограничување, самоконтрола и разновидност на природата [5] го поттикнува секој турист кој надвор од нашата држава е и амбасадор на националната култура и кој почитувајќи ги овие еколошки норми придонесува еднакво во справувањето со проблемите поврзани со климатските промени, пандемијата од Ковид-19 и неопходноста на чистиот воздух во согласност со развојот на технолошките процеси.

За целите на ова истражување користени се методите на анализа, синтеза, како и методот на литературно истражување. Како секундарни извори на информации користени се модерната стручна литература, статии, публикации, изданија на домашни и странски автори во коишто се опфатени теми кои се однесуваат на предметот на истражување. Добиените резултати од спроведените анализи, се евалуирани и искористени за поставување заклучок.

## 4. Управување и планирање на екотуризмот и искористување на културолошките потенцијали и разноликоста на една мултикултуролошка средина

Екотуризмот со поставените еколошки стандарди е добар начин за поврзување на луѓето со природата, во пронаоѓање на душевен мир и спокој, користење на еколошки здрави производи, промовирање на локални занаети, истражување на природата и зачувување на биодиверзитетот, како и планирање и можност за авантуристичко патување. Но исто така преставува и можност за креирање нови работни места, напредок на постојните, вклучувајќи иновативни решенија кои ја подобруваат сеопшто климата на една држава. Посетата на недопрената природа, културолошкото наследство на една држава, во недоволниот број на усвоени стандарди за негова заштита, наметнува зад себе и прашања и за јавно управување со градежното земјиште, инфраструктурата и зголемените оперативни трошоци, како и во креирање програми за туризам во природа, планови и проекти кои имаат потенцијал да станат економски и образовни алатки за зачувување на посетените области и околни локални заедници [14]. Во нагласување на принципите на управување и планирање на екотуризмот, постоењето на регионален план [15] со цел одржлив развој е од особена важност во креирањето цели коишто ќе содржат пет компоненти: стратешки цели, инвентар, образование, заштита и маркетинг цели

Стратешки цели се :

- Креирање регионален план којшто ги поврзува државата и заедницата;
- Иницијативи и координација на јавниот и приватниот сектор;
- Вложување напори за заштита и промовирање на природни, историски, културолошки и комерцијални ресурси;
- Развивање неопходни иницијативи за обезбедување пристап до јавноста;
- Зголемување на учеството на приватниот сектор во природни, историски, културолошки и комерцијални туристички средства.

Инвентар цели:

- Развивање на листа на извори на информации (од регионот) коишто би го опишале целиот екотуризам и туристички ресурси на културолошко наследство по категории и нивна поделба;
- Развивање критериуми кои ќе „квалификуваат“ ресурси кои ќе се вклучат на листата;
- Проценка и подобрување на едукативната сигнализација за екотуризмот и координирање со други програми за едукација и развивање свест за екотуризам;
- Изработка на план за идентификување дополнителна инфраструктура потребна за пристап до ресурси.

Цели за заштита:

- Идентификување на државниот и приватниот сектор и нивната улога во одржување на екотуризмот;
- Одредување методи за управување и упатства за заштита;
- Кооперативен пристап за заштита на екотуризам;
- Создавање модел на екотуризам и подготвување упатства за туристичките посетители;
- Создавање модел на етичко упатство за однесувањето на давателите на туристичката услуга.

Едукативни цели:

- Развивање локална и регионална обука и акредитирани програми/сертификација за давателите на екотуризам;

- Охрабрување и поддршка на развојот на локални, регионални и државни едукативни иницијативи со посебен фокус на природниот, историскиот, културолошкиот и комерцијален туризам со цел едукација на целокупната туристичка индустрија;
- Поттикнување и поддршка на локални, регионални и државни партнерства за развој и споделување едукативни информации, материјали, програми за екотуристички водичи, итн.;
- Организирање семинари за хотели кои користат еко стандарди.

Маркетинг цели:

- Да се прошири перцепцијата на туристот за одмор, вклучувајќи активности во природа, историски, културолошки и комерцијални активности за развој на екотуризмот;
- Помош на регионите во нивните напори да го промовираат екотуризмот;
- Да се поедностави способноста за избор и стекнување искуство со екотуризам и туризам;
- Спроведување тековен механизам за собирање податоци со цел одредување на идните маркетинг приоритети.

Покрај одржливиот развој во функција на овој регионален план би било и развивање и јакнење на регионалната меѓукултуролошка комуникација [12]. Екотуризмот е и еден од најбрзо растечките видови и форми на туризам, за чии потенцијали преку иновативни решенија неопходно е единство и заеднички заложби меѓу државите и останатите меѓународни субјекти. Со цел промоција на малцинските заедници, нивната култура и традиции, воедно и промоција на мутикултурализмот и меѓуетничките односи како огледало на нашата држава, обележје на една заедница со културолошки различја пред лицето на глобализацијата како светски феномен кој создава меѓусебна социолошка, економска, но и културолошка зависност [18], како олицетворение на соживот и толеранција е одлика на културолошкиот туризам, кој заедно со екотуризмот го промовираат и се грижат за заштитата на културното наследство на државата, за будењето на културолошката свест и одговорност. Преку нивна заложба до отворање нови видици за привлекување научници, млади истражувачи кои би дале поттик за натамошен раст на овој вид туризам, но и можност за негова поширока афирмација. Посетителите како трагачи по знаење, патници во слободно време и љубители на природата претпочитаат информации со добар квалитет. Тие ја избираат дестинацијата со висока еколошка вредност и добро управување со локацијата [1].

Препознавајќи ја поддршката на Светската туристичка организација за важноста на екотуризмот, а особено за назначувањето на 2002 година како меѓународна година на екотуризмот, неговата улога во обединување и поттикнување на подобро меѓусебно разбирање на народите насекаде, во насока на поголема свест за богатото наследство на различните цивилизации и во постигнување на поголемо почитување на вродените вредности на различните култури, придонесувајќи со тоа за зајакнување на светскиот мир [23].

Екотуризмот треба да биде поткрепа генерално на туризмот, наоѓајќи го своето место на пиедесталот меѓу останатите видови туризам, особено во неговата улога врз градењето на нашата држава како европска дестинација која во остварувањето на оваа визија би ги содржела следните цели [8]:

1. Поедноставување и рационализација на регулаторните и административните рамки за туризмот;
2. Промовирање на дигитализацијата на малите и средни претпријатија (МСП) во областа на туризмот;
3. Подобрување на професионалните вештини во туристичкиот сектор;
4. Промовирање одржлив и одговорен туризам;
5. Ограничување на сезоната на туризмот;
6. Промовирање мултимодалност и транспортна поврзаност;
7. Да се даде придонес за заедничка промоција на Европа како туристичка дестинација и во трети држави;
8. Подобрување на туристичкото управување.

Заедничката промоција е особено значајна за Република Северна Македонија, како кандидат за членство во Европската Унија, во нејзината промоција како туристичка дестинација.

Понатаму, екотуризмот, претставува воедно и општествено одговорно однесување, алатка за зачувување на локалната култура, а преку активното учество, со цел придонес во културата и природата, нивно зачувување од уништување на природната вегетација, преку спречување на маргиналната земјоделска употреба на земјиштето.

Според Проф. др. Месут Доган [4] „Државите-членки на Европската Унија, кога ќе ги погледнеме политиките за туризам, развојот на туристичкиот сектор, но и креирањето на заедничките туристички политики, потоа, заштитата на природното и културното наследство, се чини дека се усвоени пристапи. Заштитата на природните и културолошките области и нивното ставање во функција на туризмот,

претставуваат вредности на кои ќе се обрне значајно внимание во иднина. Европската Унија вклучува заштита на еколошките и културолошки вредности во целина. Политиките во областа на туризмот се засноваат на фактот дека, туризмот ја зголемува меѓусебната интеракција меѓу културата и животната средина, како еден од нејзините приоритети. Обемот и квалитетот на преземените мерки пак, за оваа намена се разликуваат од една до друга држава. Причината за оваа разлика е пристапот на државата по прашањето за концептот на животна средина, потоа од важноста на средствата наменети за заштита и од интензитетот на нивното искористување. Пристапот се одредува според различни фактори, вклучувајќи ја и административната структура којашто државата ја има. Сепак и покрај сите чувствителности на заштитата, претежно се доцни во преземените мерки и тоа претставува опасност од влошување на средствата за животната средина.“

Од особено значење тука да се спомене е дека во согласност со Договорот од Лисабон на Европската Унија [20] којшто разликува три вида надлежности:

- исклучива/и (ексклузивна) надлежност/и на Европската Унија,
- поделена/и надлежност/и меѓу Европската Унија и државите членки и
- исклучива/и (ексклузивна/и) надлежност/и на државите членки, во која надлежност се вбројува и туризмот и културата и според која во исклучива надлежност на секоја држава членка е уредувањето на овие области, со можност Европската Унија да обезбеди поддршка или соработка во европските аспекти [19].

## 5. Улогата на жената во негувата на културолошкото богатство, во јакнењето на човековите права и во развивањето на екотуризмот

Екотуризмот како феномен кој во себе ги опфаќа сите видови и форми на туризам, ја развива меѓусебната поврзаност меѓу човекот и природата, давајќи предност на екологизмот, кој во својата основа ја има независноста на постоењето на природата од човекот, во социјално заедништво, на сметка на антропоцентризмот кој пак, во својата идеологија го поставува човечкиот фактор и неговата благосостојба, а со тоа влијае и на социолошко-економскиот импакт [3]. Како гранка која во согласност со позитивните законски прописи е регулирана како составен дел од руралниот туризам, е непосредно поврзана со него, а тој пак поттикнува на интерес за културното наследство на една држава, но исто така во себе го содржи и токму зголемувањето на еколошкото ниво на свест. Во руралните средини каде живеат различни етнички народи, заедници, невработеноста е повеќе застапена. Во таа смисла за екотуризмот треба да се истакне и поттикнувањето на еко-понудите во руралните домаќинства, и од особена важност во согласност со политиките на Европската Унија, во делот земјоделство и рурален развој е да се спомене и производството на органска храна, на еколошки здрави производи што пак претставува можност за отворање на нови работни места[16]. Тука, во нагласување на исконската поврзаност и взаемна обусловеност меѓу природата и жената, доаѓа до израз улогата на руралната жена во промоцијата, негувањето и заштитата на културолошкото и природно богатство на едно општество кое пак се стреми кон вредности кои водат кон взаемно и меѓусебно почитување и толерантност.

Исто така, од еднакво значење е и запознавањето со традициите и обичаите и во локалните заедници, создавањето можност за продажба на ракотворби во јавноста со културолошки елементи кои руралните жени ги подготвуваат со голем труд и постојана и макотрпна работа, со својата креативност и иновативност, водени од традициите кои ги наследиле од нивните мајки и прабаби, и со тоа грижејќи се за сочувување на традиционалните локални занаети како нивно културолошко наследство. Токму таа, руралната жена, повторно го поставува прашањето за почитување на основниот принцип и начело на единство меѓу културата и природата, како лидер во нивната взаемна заштита, поради значајната улога во културата поставена над екофеминистичките размисли, а со тоа и генерално на почитување на меѓународно загарантираните како индивидуални така и колективни човекови права меѓу кои и правата од втората генерација, а тоа се економско-социјалните и културни права [24].

## 6. Заклучок

Вниманието насочено кон промовирање на екотуристичките и генерално туристичките услуги, е само дел од мерките за кои веќе било говорено, но на кои и понатаму треба да се обрне внимание и да бидат преземени со цел да го развиваме екотуризмот на национално ниво, но и на европско и меѓународно ниво, како и пред меѓународните организации и Светската туристичка организација, како амбасадор на Обединетите нации, одговорна за промовирање пред се еколошки одржлив, одговорен, и универзално достапен туризам.

Европската Унија преку Инструментот за претпристапна помош за рурален развој - ИПАРД II програмата, Инструментот за претпристапна помош - ИПА II фондовите на Европската Унија, како и меѓународната прекугранична соработка, нудат можности за поттикнување на туризмот, и одделно, на екотуризмот кој на долг рок би овозможил придонес во развојот на општеството особено во овие исклучително тешки периоди за сите нас, но неговото активно вклучување во економските политики би

дал посебен придонес и во развојот на целокупното стопанство на Република Северна Македонија, како и благосостојбата на општеството во целина[17].

Следејќи го примерот на другите држави кои пак вложуваат голем процент во туризмот и активно се вклучени во изнаоѓањето на оптимални решенија за излезот од оваа здравствена криза, неопходно е да се изготви и национална програма за екотуризмот во соработка со Владата на Република Северна Македонија, во која би биле опфатени и културолошките придобивки на екотуризмот, родово-еднаквата застапеност, зголемување на можностите за вработување, управувањето со екотуристичките дестинации врз основа на претходна сеопфатна анализа на позитивните и негативни импакти на екотуризмот, и преку зголемување на можностите за учење, зголемување на етиката и еколошката свест врз заштитата на животната средина.

Мултикултурализмот, разноликоста на културата и религиите ја прави оваа држава особено атрактивна за странските туристи. Културолошката разновидност овозможува и поефикасна конкурентност, но тоа што е особено значајно е и заштитата, генерално, на културолошките вредности од нивна комерцијализација. Оттаму, и вклучувањето на малцинските заедници во креативните и иновативни индустрии и придонесот на екотуризмот во зголемување на улогата особено на жената во руралните средини, преку активно вклучување во руралната туристичка дејност претставува исто така особено значајна и важна нишка во негувањето на културолошкиот, верскиот и етничкиот идентитет, како вредности кои се загарантирани со Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства [7]. Промоцијата на културолошкото богатство, традициите, обичаите, занаетите на заедниците со различна културолошка припадност и нивните културолошки обележја и знаменитости, би биле особен придонес не само во екотуризмот, туку генерално во туризмот, во промоцијата на нашата држава на глобално ниво и во исполнувањето на поставените европски стандарди, како и во поттикнувањето на меѓународните стандарди за унапредување на човековите права.

Туризмот е дрво кое расте со труд и се развива со љубов.
Турска поговорка

**Користена литература:**


1. Anup, K. C. (2016), *Ecotourism and Its Role in Sustainable Development of Nepal*, DOI: 10.5772/62308.
2. BilgiUstam, *Ekoturizm Nedir?*, https://www.bilgiustam.com/ekoturizm-nedir/
3. Doğan, M. *TURİZM VE ÇEVRE-Kültürel miras ve turizm ön lisans programı,* İstanbul Universitesi Açık ve Uzaktan Eğitim Fakültesi, s. 167.
4. Doğan, M. *TURİZM VE ÇEVRE-Kültürel miras ve turizm ön lisans programı,* İstanbul Universitesi Açık ve Uzaktan Eğitim Fakültesi, s. 11.
5. Eco Mark, *Ekoloji Prensipleri*, https://www.ekoloji.com/ekoloji/ekoloji-prensipleri/
6. Ent Dergi, *Ekofeminizm Tam Olarak Nedir?*, https://entdergi.com/ekofeminizm-tamolarak-nedir/ http://eprints.ugd.edu.mk/8439/9/__ugd.edu.mk_private_UserFiles_daniela.jakimova_Desktop_TETOVO_Multikulturnite%20opstestva.pdf
7. Закон за ратификација на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Службен весник на Република Македонија, бр.11/1997.
8. Juul, M., (2015), *Tourism and the European Union-Recent trends and policy developments*, EPRS/European Parliamentary Research Service, Member's Research Service, p.24.
9. Котески, Ц. (2013), *Меѓународен туризам*, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, стр.58.
10. Котески, Ц. (2013), *Меѓународен туризам*, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, стр.119.
11. Котески, Ц. (2013), *Меѓународен туризам*, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, стр.108-109.
12. LOJA, РЕГИОНАЛНА МРЕЖА ЗА КУЛТУРНА РАЗНОВИДНОСТ, https://cbcloja.org.mk/regionalna-mreza-za-kulturna-raznovidnost/
13. pembenar, *Kadın hakları ile ilgili söylenmiş en güzel ve en anlamlı sözler,* https://www.milliyet.com.tr/pembenar/kadin-haklari-ile-ilgili-soylenmis-en-guzel-ve-en-anlamli-sozler-6207176
14. Pinto, A. (2000), *Ecotourism Case Studies in the United States*, The International Ecotourism Society, p.7.
15. Pinto, A. (2000), *Ecotourism Case Studies in the United States*, The International Ecotourism Society, p.23-44.

**16.** Press.net.mk, *ЕКОТУРИЗАМ-Моментална состојба,* http://press.net.mk/2020/11/13/%D0%B5%D0%BA%D0%BE-%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%BC%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0/

**17.** Press.net.mk, *ЕКОТУРИЗАМ-Моментална состојба,* http://press.net.mk/2020/11/13/%D0%B5%D0%BA%D0%BE-%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B8%D0%B7%D0%B0%D0%BC-%D0%BC%D0%BE%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%98%D0%B1%D0%B0/

18. Петровски, В., Мирасчева, С., Петрова-Ѓорѓева, Е., *Мултикултурните општества и етничко-културната дистанца*, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.
19. Петрушевска, Т., Наумовски, В., Апостоловска-Степаноска, М. (2020), *Европски интеграции,* Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, стр.155-156.
20. Treaty of Lisbon amending the Treaty on European Union and the Treaty establishing the European Union and the Treaty establishing the European Community, Official Journal of the European Union, 2007/C 306/01, 2007.
21. Treehugger, *What Is Ecotourism?*, https://www.treehugger.com/what-is-ecotourism-definition-examples-5181259
22. turizmebakis, *Ekoturizm Nedir? Ekoturizm Örnekleri*, https://www.turizmebakis.com/ekoturizm-nedir/
23. Резолуција бр. 1998/40, Економско Социјален Совет на Обединетите нации, 1980 год.
24. Фрчокски, Д. Љ. (2005), *Меѓународно право за правата на човекот*, Магор, Скопје, стр. 43.